***З А П И С Н И К***
***од Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.03.2022 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Грдаоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Љупчо Најдовски, Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, , Ивана Кочовска, Александра Трајковска, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски, а отсутни беа советниците Сандра Пејковска, Сашо Михајловски и Јасмина Јовановска.

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутнен беше Раководителот Мише Милошевски и Катерина Радовска. На седницата присутни беа претставници од невладината „ИКАРУС" Славче Велјановски, претсатвик на невладината НЕБО„ Јасмина Котевска и група на млади кои се подносители на апликацијата за финансиска поддршка за проекти од мал обем.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.1460 и КП бр.1462 во КО Сопотница, општина Демир Хисар.
2. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.4960 и КП бр.4961 во КО Сопотница, општина Демир Хисар ".
3. Донесување на Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.530, КП бр.531 и КП бр.532 во КО Суво Грло, општина Демир Хисар.
4. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година.
5. Донесување на одлука за кофинансисрање на проект „Уредување на Градски парк Демир Хисар"
6. Предлози и прашања.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го сатави на гласање. Потребата за свикување на итна седница е за одлуките кои се zа изработка на урбанистички проекти за фотоволтаични електрани и одлуката за кофинансирање на проект за уредување на Градски парк Демир Хисар. За усвојување на Дневниот ред гласаа 6 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.1460 и КП бр.1462 во КО Сопотница, општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.1460 и КП бр.1462 во КО

Сопотница, општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.4960 и КП бр.4961 во КО Сопотница, општина Демир Хисар “***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.4960 и КП бр.4961 во КО Сопотница, општина Демир Хисар “ објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Одлука за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.530, КП бр.531 и КП бр.532 во КО Суво Грло, општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.530, КП бр.531 и КП бр.532 во КО Суво Грло, општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 4. Одлука за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Советничката Марина Димитријовска праша за земјиштето во чија сопственост е, дали е земјоделско. Советникот Валентин Несороски праша како реагираат сопствениците на соседните парцели. Претставникот Катерина Радовска објасни земјиштето е во приватна сопственост, се наоѓа лево и десно од објектот на АД Железник, сите три одлуки се во тој реон, купени се парцелите од инвеститорите, ќе се врши пренамена од земјоделско во градежно. Имаше најава дека земјоделско земјиште до 4-та категорија нема да се пренаменува, но не е во законска рамка ставено, тоа е заради заштита на обработливо земјиште. За реакцијата на сопствениците од соседните парцели ќе се види од јавната расправа. Градоначалникот Никола Најдовски додаде да му дајме подршка. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за кофинансисрање на проект „Уредување на Градски парк Демир Хисар“***

За Одлуката за кофинансисрање на проект „Уредување на Градски парк Демир Хисар“ вовердно излагање имаа подносителите на барањето група на млади луѓе преку своите излагања ги запознаа советниците. Учесници во проектот се Фросина Трпчевска, Михаела Стојановска, Хрситина Лозановска, Михаел Стефковски, Христијан Тасески, Марија Талевска, Дејан Станковски и Христина Ѓорѓиовска. Имено во изминатите неколку месеци активно се вклучени во проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“ заедно со други млади луѓе од Крушево, Могила, Новаци, Ресен, Долнени и Кривогаштани како и неколку здруженија, а носител на проектот е Про Локал од Битола подржан од Амбасадата на кралството Холандија. Целта на проектот е да се зголеми самодовербата на младите, зајакнување на нивниот капацитет, нивно учество во граѓанскиот активизам, да ги насочи младите кон продуктивно размислување за градење на позитивни ставови за иднината и промените во опшеството. Од направените разговори со повеќе млади од Демир Хисар најголема поддршка доби идејата за уредување на Градскиот парк. Поголем дел од средствата се обезбедени од Амбасадата на Кралството Холандија и се бара поддршка од Советот на општината да учествува со 1.000 евра во денарска противвредност односно 62.000 денари. Вкупниот проект е 185.000 денари. Проектот опфаќа урбано и хортикултурно уредување на Градскиот парк со поставување на нови содржини во него, во соработка со ЈП „Бигла“, ЈКП „Комуналец“ и шумарската струка од СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар. Градоначалникот Никола Најдовски ја поздрави идејата и убаво е што се избра еден ваков проект вклучени ќе бидат и службите на општинската администрација. Со оваа одлука се бара минимални средства кои би биле потребни за овие активности, ако има потреба од повеќе средства повторно ќе одлучува Советот. Треба од некаде да се почни убаво е да се среди Градскиот парк.

Претседавачот Љупчо Најдовски ја поздрави иницијатаивата се согласи да се дај подршка треба да има еден координатор, да биде вклучен и Советот потоа додаде да се планира и изградбата на храмот, да се вклопи во сето ова. Во одлуката се бара 62.000, Буџетот е донесен, оваа е тешка година за сите, но одлуката ќе ја подржиме ако има можност и 65.000 нека се планираат наместо 62.000. Советничката Ивана Кочовска праша на кој дел од паркот се планира уредувањето дали навлегува во маркицата на храмот. Потоа праша до кога треба да заврши овај проект. Претставникот Славчо Вељановски објасни се внимаваше на тоа се што е планирано за храмот не е опфатено си останува тој дел. Општината треба да учествува со 1000 евра тоа се 62.000 денари доволно е тоа ако има потреба од повеќе средства дополнително ќе побараме. Проектот треба да биди завршен до септември оваа година, но се надеваме побрзо да се реализира. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски предложи на наредна седница да се стави точка на дневен ред донесување на урбанистички план за Демир Хисар. Ако има потреба да се помогне да се донеси урбанистичкиот план. Претставникот Катерина радовска објасни почната е постапката за донесување на Генерален урбанистички план, но постапката е застаната. Советникот Јордан Кромидаровски праша зошто е запрена постапката. Градоначалникот Никола Најдовски објасни имало земјиште кое било дадено на повеќе години под закуп, заради тоа неможе да се продолжи со постапката. Првото нешто за што се залагав кога дојдов градоначалник беше токму тоа.

Претседавачот Љупчо Најдовски исто така предложи да се понудат парцелите во индустриската зона кај Психијатриската болница да се привлечат инвеститори да помогнеме сите. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ако тоа земјиште се понуди многу ниски се цените за откуп, доколку истото би се искористило за изградба на објект погон во ред е, но од досега заинтересираните сите се за изградба на паркинзи, од тоа општината нема интерес би се продало по багателна цена за паркинзи, а не можи да се ограничи. Некој поголеми инвеститори нема заинтересирано сите повеќе се насочени за Скопје. Исто така имав планирано да се уреди тротоарот по улица Битолска од другата страна, но повторно проблем е Генералниот урбанистички план неможе ништо. Да се види дали сеуште ни се на располагање средствата за изработка на генералниот урбанистички план од 2014 година, ако сеуште ги имаме на располагање да се бара начин да се продолжи постапката. Претседавачот Љупчо Најдовски предложи за наредна седница мора да се размислува за формирање на телата. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 349/3
28.03.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседавач,
Љупчо Најдовски с.р.